**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 април 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,41 часот.

Седницата ја отвори и на неа потпретседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по 113-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Мендух Рачи, Арбен Џафери, Агим Рамадани, Али Ахмети, Теутар Арифи, Борис Кондарко, Цветанка Иванова, Илинка Митрева, Никола Рилкоски, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Љубчо Георгиевски и Иван Анастасовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласаљњ за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејки од потпишани 83 пратеници само 53 го искористија правото преку системот за гласање да ја најават нивната присутност, ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Вкупно гласале 58 пратеници, 58 пратеници гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, ви е доставен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања .

Има збор претседавачот на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, Владимир Ѓорчев.

Значи, пријавените се за процедурални забелешки.

Процедурално има госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Јас својата процедурална забелешка повторно како и вчера ја базирам врз членовите 136 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Бидејки наместо претседателот на Собранието да го искористи своето деловничко право и точките кои се однесуваат за законите за Универзитетот за информатички технологии во Скопје и Законот за високо образовните установи на верските заедници да ги врати кон предлагачот на дообработка, со оглед на тоа што согласно член 136 мора да е дефиниран износ на финансиски средства потребни за спроведување на овие закони. Должна сум да го искажам ставот на Социјалдемократскиот сојуз, се сомневаме дека до колку овие точки ги разгледуваме на оваа седница ќе амнестираме трошење на буџетски средства во непознат износ и кон непознат правец. И затоа ве молам, точката под број 2 да биде последна точка на дневен ред. Со оглед на тоа што вие веќе го затворивте дневниот ред, го користам своето право да побарам измена на редоследот на точките на дневниот ред. Точката под број 2 да биде како 6-та точка на дневниот ред на оваа седница.

**Бесим Догани:** Предлогот на госпоѓа Бендевска точката број 2 да биде префрлена како последна точка на дневниот ред, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, за гласаа 6, воздржано гласал 1, против 46.

Според тоа, констатирам дека предлогот на госпоѓа Бендевска не е прифатен. Продолжуваме понатаму.

Процедурална забелешка има госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарма почитуван потпретседателе, почитувани коелги пратеници, очигледно дека премногу ви се брза, па и потпретседателот направи процедурална грешка, откога се усвои дневниот ред требаше да предложи, да види дали има предлози за измени на дневниот ред, а не веднаш да помине на првата точка. Јас знам дека ВМРО-ДПМНЕ откога го направи дилот со Али Ахмети кога седнаа Груевски и Ахмети пред два дена и договорија избори, дека не можете веќе ни минута да чекате. Но, има време, ќе бидете коалиција, ќе работите заедно. Така што немојте толку да брзате да одработите уште од овој момент.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Топузова ве молам да се придржувате кон вашите процедурални забелешки.

**Роза Топузова Каревска:** Потпретседателе, јас знам дека вие сте нервозен, но нема потреба од нервоза. Зборуваме за нешто што е процедура. Знам дека вие направивте грешка.

**Бесим Догани:** Јас не направив грешка, туку по ваше барање се вратив на процедуралните забелешки.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван потпретседателе, знаете дека цело време ве респектирав дека добро ги водите седниците и тоа најдобро од сите досега. Од сега не знаеме како ќе биде, затоа што најверојатно нема ни вие

да бидете на тоа место повеќе. Но, тоа не е битно. Битно е што немојте да брзате и да ја тераме процедурата. Дали ќе работиме уште еден ден, уште еден час, уште пет минути, ова Собрание треба да работи по Деловник. Не можеме да работиме надвор од Деловникот, па макар да биде и една единствена точка. Требаше да дадете можност пратениците од кога се усвои дневниот ред да можат да предлагаат смена на точките.

Сега ќе се задржам на тоа, мислам дека точката која што се однесува предлог на закон за изменување и дополнување на Закон за основање на државен универзитет во Тетово од 5-тта точка треба да биде 1-ва точка. Да не зборувам за значењето кое што го има овој Универзитет. Мислам дека навистина не можете да одите на избори без да го направите овој универзитет. Тука е целата поента. Значи, предлагам точката 5 да биде 1-ва точка. Се надевам дека од коалиционите партнери ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ ќе добиеме поддршка за ова.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова. Го поздравувам вашиот предлог и го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 69 пратеници, 27 гласаа за, 1 воздржан, против 41.

Констатирам дека предлогот на госпоѓа Топузова не е прифатен од страна на Собранието.

Процедурално има господинот Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Во согласност со членот 72 и 73 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам 5-тата точка од дневниот ред за оваа пленарна седница Предлог за донесување на законот за Тетовскиот универзитет да биде втора точка од дневниот ред од многу причини.

Прво, не барам да биде прва точка од дневниот ред. Имам почит кон колегата кој три дена чека да му се верификува мандатот. Јас во име на нашата група искажувам жалење за сето ова што се случува во овие три дена што се демонстрира во ова Собрание. Додека барам подршка во прв ред од пратениците на Демократската партија на Албанците и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ 5-тата точка Предлог измени и исполнување на законот за Тетовскиот универзитет да биде втора точка од дневниот ред на оваа пленарна седница за да ја докажеме нашата посветеност, ангажман и нашата поддршка во напредокот на образованието во целост и албанското образование на посебен начин. Ги поканувам пратениците од ДПА да го изгласаат овој наш предлог, да ја исправат грешката која не ја направија со актот на гласањето на законот за основање на Тетовскиот универзитет, ги поканувам пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да го подржат ова наше барање и да се приклучат на тоа што ние пред три години го направивме. Додека пратениците од македонската опозиција убеден сум дека ќе го подржат начелно така како што го подржувале Законот за основање на Тетовскиот универзитет, ќе го подржат и законот за проширувањето и унапредувањето и понатамошната подршка на високото образование на албански јазик.

**Бесим Догани:** Господине Адеми, нормално дека пратеничката група на ДПА ќе гласа за тоа, бидејќи ако не сте знаеле пратеничката група на ДПА со своите министри е предлагач на овој закон. Така што исправени се многу грешки кои вие ги спомнавте и се надевам дека со ова ќе имаме подобро образование во Република Македонија, подобро од тоа што вие го кажувате.

Предлогот на господинот Џевад Адеми 5-тата точка да биде втора точка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 69 пратеници, 50 гласаа за, воздржани нема, против 19.

Констатирам дека предлогот е прифатен и 5-тата точка станува втора точка на дневниот ред.

Процедурално има господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседател. Јас само сакав да разјаснам нешто во однос на тоа што го кажа господинот Џевад Адеми на говорница дека ДПА не гласаше за основањето на Државниот универзитет во Тетово. Тој многу греши и тој знае само да измислува и да лаже исто како што лажел од времето на неговото политичко интегрирање, како што излажал и за 50 политички инциденти. Тој сака тука да лаже исто како што лажел во војната на ОНА, со воена опрема седел до Порој, од Порој доаѓал тука во Скопје и давал интервјуа и потоа пак се враќал таму наводно како да е војник на ОНА. Тој сакаше да излаже и за тоа како злоупотребил три милиони долари од Америка наменети за ОНА, тој сакаше да лаже и за кравите од Голема Речица како ги има злоупотребено. Тој е политички натрапник кој што во Тетово најдобро го знаат каков натрапник е. Тука се обидува да покаже нешто што не е. Тој еднаш за секогаш треба да знае дека неговата политика е погрешна и неговата политика не е градител на институциите на Албанците во Македонија. Нашата политика ги гради институциите. И една од институциите што ја основаме е Универзитетот во Тетово со сите свои елементи и манири.

**Бесим Догани:** Процедурално има господинот Гарип Каба.

**Гарип Каба:** Ви благодарам. Господине потпретседателе, почитувани пратеници, и вчера сакав да дискутирам и да укажам забелешки како албанската опозиција продолжува и денес и се внесува во еден непотребен лавиринт која сигурно дека ќе произведе една неповолна состојба во Македонија. Би рекол дека начинот како господинот Џевад настојува да внесе конфузија, односно да провоцира во ова Собрание. Тоа нема да произведе вредности, туку само судири. Господине Џевад знам дека за цело ова време, почнувајќи конкретно во ова Собрание

од вчерашниот ден максимално сме се потрудиле прашањето, проблемот на Тетовскиот универзитет да го ставиме во здрав колосек со предлогот тој универзитет да диши пoслободно, да се комплетира и со Медицинскиот факултет и со дополнителни гранки. Начинот како се провоцира и начинот како се однесуваат овие лица во ова Собрание е недолично. Мислам дека добро е да зрачат. Ги повикувам да бидат свесни, бидејки со вакви манири измислици не се оди во решавањето на проблемите. Добро е конкретно тој го даде зборот, ќе го пдоржи овој закон. Но, и покрај тоа проблемот на Албанците не се решава на ваков начин како што се препорачува од албанската опозиција. Ние сме за да се решат проблемите не само од оваа природа, туку и севкупни проблеми на Албанците. Ова искушение кое е во нашата агенда како политичка партија и ќе го докажеме во пракса и во прагматизам дека работиме во однос на решавањето на тоа кој работи за раскол и раздор, кој работи за да направат раздор кај Албанците, јавноста тоа го разбрала. Ние ќе продолжиме со нашиот пат и секако нашиот пат ќе не воведе во светлина и една сигурна иднина за сите Албанци. Провокациите кои доаѓаат од опозицијата нека ги зачуваат за себе. Сигурно дека нашата работа ќе биде крунисана со победа за сите Албанци. И ова сигурно го гарантирам и на господинот Џевад и на неговата партија да се убедат дека иако провоцираат со предвремени избори.

**Бесим Догани:** Процедурално има господинот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги. Имам предлог точката 4 - Предлог на закон за основање на технолошко-технички факултет, ветеринарен факултет и правен факултет во состав на Универзитетот "Свети Климент Охридски " во Битола да биде веднаш после точката за Тетовскиот универзитет, односно да биде точка 3.

На крако ќе ја образложам причината зошто ова го предлагам. Во Предлогот на законот доставен од Владата јасно е кажано дека два од овие три факултети треба да започнат со настава и да профункционираат практично од учебната 2008-2009 година. И заради тие причини сметам дека треба што побрзо да се донесе оваа одлука за да можат да течат сите потребни неопходни рокови и конкурсите за упис на студенти, исто така да имаат доволно време за да се подготват сите неопходни технички, научни и секакви други услови за почнување на функционирање на овие факултети.

Посебно заради тоа што се работи за принципот на деконцентрација кој што универзиетот Св. Кирил Охридски го применува и седиштето на два од овие факултети е практично во Кичево и во Велес, значи на Правниот факултет е во Кичево на Техничко технолошкиот е во Велес со дисперзирани студии во Кичево.

На тој начин се дава еден многу поширок придонес од само едукативниот во функција на развој и на едноставно давање на можност на граѓаните и на градовите во внатрешноста во Република Македонија да на многу попристапен, поефтин од економски аспект, студираат и се образуваат, а за местата за градовите во кои што ќе бидат сместени овие факултети, значението е огромно, на овој начин и Кичево и Велес стануваат универзитетски центри, стануваат градови во кои што ќе има високо образовни институции и во кои што животот и воопшто сите општествени и економски теченија ќе добијат еден многу позитивен пристап, еден многу позитивен сигнал. Тоа сметам дека е од огромно значение не само за студентите, не само за луѓето кои што се директно инволвирани во воспитно образовниот процес во високото образование туку воопшто за целокупните региони посебно за регионот Кичево и Велес и од таа причина ја барам вашата поддршка да оваа точка биде трета на дневниот ред.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Китановски. Предлогот на господинот Китановски, четвртата точка Предлогот на закон за основање на Технолошко технички факултет, ветеринарен факултет и правен факултет во состав на универзитетот Св. Климент Охридски во Битола да премине како трета точка го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласаа 53 пратеника, од нив 49 гласаа за, еден воздржан, против 3.

Констатирам дека предлогот на господинот Китановски е прифатен и точката 4. - на дневниот ред, станува точка 3.- од дневноиот ред.

Процедурално има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Да бидам искрена јас мислев дека коалицијата ВМРО - ДУИ ќе почне да функционира по изборите, но очигледно во дилот што го направија Груевски и Ахмети функционира од денеска.

(Дофрлање од место)

Ве молам, обезбедете ми услови.

Значи функционира од денеска.

За тоа е доказ начинот на кој што се гласа.

За истиот мој предлог не се гласаше тука, но кога господинот Џеват Адеми побара од ВМРО ДПМНЕ сите без исклучок глалсаа за.

Значи од денеска веќе функционира коалицијата ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Мислев барем по избори ќе биде тоа.

Токму поради тоа, бидејќи веќе имаме измена внатре во силите очигледно, јас барам пауза од име на пратеничката група од Либерално демократската партија еден час, да се договориме како понатаму ќе настапуваме.

Според деловникот вие треба да ми дадете пауза. Благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Топузова. . .

**Роза Топузова Каревска:** Еден час барам пауза, тоа е моето право.

**Бесим Догани:** Иако тоа треба да го направи координаторот. . .

**Роза Топузова Каревска:** Јас сум заменик координатор. Еден час пауза.

**Бесим Догани:** Тогаш, пауза до 14,00 часот, поврзано со паузата за ручек, значи продолжуваме во 15,00 часот. Ви благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,17 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не се влезени во салата да влезат во салата затоа што започнуваме со попладневниот дел на седницата.

За процедурална интервенција се јави господин Мустафа Неждет.

Повелете, имате три минути процедурална интервенција.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван претседателе.

Веднаш би сакал да ја изнесам мојата целосна поддршка во однос на предложенните универзитети, што треба да се изградат по градовите, но денеска навистина сакам повторно да ви го привлечам вашето внимание, затоа што, кога сме толку дарежливи кон градовите, да им изградиме унинверзитети, јас навистина сега се прашувам дали таквата дарежливост и таквата сериозност, не можевме да ја одржиме и покрај моето пратеничко прашање до Владата на Република Македонија во однос на средното училиште што треба да се изгради во Шуто Оризари “Браќа Рамис Хамид”.

И покрај одговорите на пратеничкото прашање од заменикот министер дека една година чека нумерички броеви за да се изгради и отпочне училиштето во Шуто Оризари и покрај ветувањата на премиерот во 2007 година, на 8 април кога ја посети и го обележа теренот, вчера, почитуван заменик министер не го исполнивте вашето ветување дека ќе ги удрите темелите на средните училишта во Шуто Оризарти.

Сметам дека Република Македонија не треба да се сконцентира во задоволување на образованнието само за албанската и македонската заедница. Впрочем, тоа училиште ќе беше средно, училиште на македонски јазик.

Навистина, крајно ве молам, за сериозност во одговорите на моите пратенички прашања и сериознос кон вашиот збор што го давата за Ромскиот народ во Шуто Оризари. Очекував дека вчера ќе ги удрите темелите. Но, тоа не сте го направиле и сте го осакатиле Ромскиот народ.

Ви благодарам за процедуралното.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Неждет Мустафа.

Јас само можам едино да го земам ад нотам вашето излагање и ви благодарам.

За процедурална интервенција е на ред господин Бучковски Владо.

Чинам тој не е тука.

Тогаш, нека повели Благородна Дулиќ, вашите три минути.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господине претседателе.

Не се јавувам за да ме евидентираат во МОСТ колку имам интервенции процедурални, не се јавувам заради тоа да опструирам работата на Собранието, туку се јавувам да протестирам за непочитување на Деловникот од лицето кое претседава, претходно, во претпладневниот термин, со тоа што овозможува на поедини пратеници да го малтретираат целиот овој состав на Парламентот, како и македонската јавност со дискусии што немаат врска со она што е предмет на денешната расправа, само заради тоа да се оневозможи да го изгласаме новиот пратеник од редовите на ВМРО ДПМНЕ.

Второ, исто тоа што се прави е предлози за неосновани прекини на работата на Собранието. Апелирам на доследна примена на членот 79 став 2 од Деловникот, каде што вели дека седницата може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието. Значи, Собранието треба да одлучи, по предлог на претседателот на Собранието, пратеничка група или 10 пратеници, а заради причини што се наведени.

Оваа пауза што ја имавме беше по предлог на колешката Роза, со недадени причини, зошто треба да се прекине работата на Собранието и за тоа не одлучуваше Собранието, туку самиот претседател на Собранието, без претходно да има одлука од Собранието дали воопшто треба за таа цел да има прекин или не.

Гледам дека се пријавени истите личности како што се правеше вчера, впрочем месец и пол дена тоа се прави, истите личности се јавуваат по пет-шест пати во истиот ден за процедурални прашања и сметам, не сметам, туку сум сигурна дека станува збор за злоупотреба на правото. Мислам дека претседателот на Собранието, таквото однесување на несовесните пратеници не треба да го дозволи.

Од овие причини апелирам да се даде редовен тек на седницата и да го работиме она за што сме платени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до процедуралните интервенции, Деловникот е таков каков што е. Јас треба да го почитувам, и го почитувам.

Се разбира, ако е се во рамките на пристојноста и на определена мерка, процедуралната дискусија е исто така легитимна дискусија, како што е материјалната расправа. Тука не сум од оние кои преферираат драконски мерки, не сум од оние кои преферираат казни итн., впрочем тоа го говорат сите овие години, колку време сум на ова место. Така што не се согласувам со тоа.

Иако деловнички, леге артис, стриктно, вие госпоѓо Дулиќ сте во право.

Повелете господине Николов.

Колку што гледам господинот Марјанчо Николов не е тука.

Госпоѓа Верица Филипова не е тука.

Но, тука е госпоѓа Топузова Каревска Роза.

Повелете вашите три минути. Чинам по втор пат, да не згрешам само.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе. . .

**Љубиша Георгиевски:** По втор пат ли госпоѓо да не згрешам. Не сакам да се огрешам.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, по втор пат.

**Роза Топузова Каревска:** Вие сте тука за да ја водите седницата. Јас не излегувам надвор од Деловникот.

Тоа што вие се однесувате така, како што самиот велите, не репресивно, го ценам тоа и сега нема потреба од ова веднаш самиот да се демантирате, пред малку што го рековте.

**Љубиша Георгиевски:** Јас само евидентирам, не ви замерувам.

**Роза Топузова Каревска:** А јас само констатирам. Тука сме некаде, се разбираме.

**Љубиша Георгиевски:** Тука сме, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван претседателе,

Колешката Благородна Дулиќ не само што не говори за да биде евидентирана од МОСТ туку и не го чита Деловникот.

Во Деловникот, исто така се кажува кога пратеничка група односно координатор или заменик координатор имаат право да побараат пауза. И, не се однесува на тој член што го прочита. Се надевам дека, иако сме на крајот на мандатот, ќе го прочита до крај Деловникот и ќе бара по кој член се бара пауза. Мислам дека кога се чита, треба да се прочита до крај. И, вие требаше да ја прекинете, затоа што паузата не е дадена по членот по кој што говореше госпоѓата Благородна Дулиќ.

Мојот предлог е, барам, со оглед на тоа дека веќе имаме измени на дневниот ред, прво морам да констатирам дека ова што до сега беше изменето не ми е доставено, нормално, затоа што не е гласано како таков изменетиот дневен ред. Веќе, точката за Државен универзитет во Тетово стана втора точка. Веќе не е петта. Се премести на второто место, нормално, како резултат на гласањето на ВМРО ДПМНЕ и ДУИ од новонастанатата коалиција. Тоа го имаме и тоа е факт.

Мојот предлог е да, со оглед дека и јас имав предлог исто таков, но мојот не се усвои, затоа што морам да кажам дека пратениците по една наредба од ДУИ од ДПМНЕ стегнаа за, без пардон, значи се однесуваат премногу послушно, а истиот беше предлог, но тоа е нивен однос.

Јас предлагам Предлогот на закон за основање технолошко-технички факултет, ветеринарен факултет и правен факултет во состав Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола, што е точка 4., да се премести и да биде точка 3, веднаш после Универзитгетот во Тетово, затоа што гледам дека на пратениците од ВМРО ДПМНЕ им е многу значајно да се отвори медицински факултет во Тетово. И добро е што го промениле своето мислење, за разлика од пред неколку години кога беа категорично против, да се отвори факултет во Тетово. Многу напреднаја во таа гледна точка.

Се надевам дека ова мислење ќе го уважите. Со оглед дека немам време повеќе да образложам зошто, го знаете значењето.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, ве разбрав.

Вие предлагате, да се разбереме уште ендаш точката 4 да стане точка 3.

Имате ли поддршка од 10 пратеници? (Нема).

Ако немате поддршка, сожалувам. Останува статускво.

Повелете госпоѓо Грковска вашата процедурална. . .

(Реакции од салата)

**Славица Грковска:** Како пратеник има право да предложи смена на точките од дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Па има, со поддршка од 10 пратеници.

**Славица Грковска:** Ама, за тоа не е потребна поддршка од 10 пратеници. Тоа е легитимно право на секој пратеник.

**Љубиша Георгиевски:** Момент, момент, ако не е потребно ќе гласаме директно. Можеби сум згрешил. Не се возбудувајте, ќе видиме. Затоа е тука заменикот на секретарот. Можеби сум згрешил и јас сум човек. Грешам. Може, полека. Се ќе биде. Се работи за промена на дневниот ред, односно модификација.

Се извинувам, грешката е наша овде.

Предлогот на госпоѓа Топузова Каревска Роза, точката број 4 да стане број 3 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 42 пратеници, за гласале 6, воздржано 1, против 35.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во моментот на гласањето, затоа што не сум сигурен дека не има 61.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Гласањето не беше валидно, затоа што имавме само 58 пратеници.

Ги молам пратениците кои се тука во Собранието, да повелат да влезат во салата за да можеме да си ја завршиме својата должност пред граѓаните.

Требаат само уште тројца, сега четворица.

(Пратеници влегуваат во салата)

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник го повторуваме гласањето.

Предлогот на госпоѓа Топузова Каревска Роза точката 4 да стане точка 3 го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, за гласале 3, воздржано еден, против 45.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Повелете госпоѓо Филипова вашите три минути.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, после поместувањето на точките од дневниот ред, Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип е мислам четврта или петта точка.

Поради тоа, барам, веднаш после точката 1, верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија од 113 седница, втора точка да биде Предлог за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип.

Имено, формирањето на штипскиот универзитет започна уште во 2005 година со Одлуката на Владата на СДС за формирање две дисперзирани паралелки, на Економскиот и на Правниот факултет во Штип. Оваа благородна активност што сите ја поддржавме тогаш и што потоа продолжи со основањето на Универзитетот во Штип, функционираше одлучно, односно после . . .

(настанаа технички пречки со тонот)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, видете од каде се пречките.

Продолжете госпоѓо Филипова имате уште 20 секунди време.

(Техничките пречки продолжуваат)

Ако сте љубезни да се обидете на говорница, техниката тоа го предлага. Можеби ќе најдеме лек.

(Дофрлање од место)

Ве молам, не дофрлајте од места, ве молам.

Повелете госпоѓо Филипова, имате една минута плус.

**Верица Филипова:** Стрпете се колешке.

Предлагам, точката, Предлог на закон за изменување и дополнување . . .

Претседателе, не е вратено времето. Беше 2,26 минути кога започнаа пречките.

**Љубиша Георгиевски:** Не се грижите, ќе добиете доволно време, не е проблем.

**Верица Филипова:** Мислам дека Деловникот сеуште треба да го почитувате, без разлика на случувањата овде.

**Љубиша Георгиевски:** Да, да не грижете се. Еве, две минути сега од овој момент имате.

**Верица Филипова:** Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип предлагам да биде втора точка на дневниот ред на денешната седница.

Ќе повторам дека Одлуката за формирање на дисперзирани паралелки на Правниот и Економскиот факултет во Штип започна во 2005 година со нивното формирање и одлука од страна на Владата на СДС, од страна на Владата кога премиер беше Владо Бучковски.

Генезата на Штипскиот универзитет е всушност многу постара. Во Штип имавме 70 -тите години формирање на Виша педагошка академија, подоцна во 1976 година формирање на Економскиот факултет тогашен на Рударско-геолошкиот факултет, во Струмица формирање на Вишо земјоделско училиште, меѓутоа за жал поради сплет на субјективни и објективни околности Штипскиот тогашен Универзитет престана да постои, останаа и опстанаа само Педагошкиот факултет и Рударско геолошкиот факултет. Значи после дисперзираните паралелки во 2005 година, во 2006 година беше донесена Одлука за основање на Универзитетот "Гоце Делчев" во кој потпаднаа останатите факултети.

Доколку реално овој парламентарен состав сака да се дополни со уште шест факултети Штипскиот универзитет, реално е оваа точка да ја ставите колеги пратеници да биде втора точка на дневниот ред, бидејќи е многу важно и многу битно посебно за ВМРО-ДПМНЕ бидејќи се декларирате така да во Штип се допотполни универзитетот. Во спротивно до колку биде четврта точка, никогаш нема да биде изгласана. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Добро, добро. Значи го чувте предлогот на госпоѓа Филипова кој се сведува на тоа точката 5 да стане точка број 2.

Сега предлогот го ставам на гласање, но ги повикувам претходно пратениците кои не се во салата да се вратат во салата зошто во салата имаме 58 пратеници, сега имаме 57, сега имаме 59, сега имаме 60 па нека влезат, нека повелат господата, ако треба да ги донесам.

Сега имаме 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, за гласале 6, воздржано 1, против 46.

Констатирам дека предлогот не помина.

За процедурална интервенција се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Претседателе, заради потребата од дополнителни консултации во името на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз на Македонија барам еден час пауза.

(Реакции)

**Љубиша Геогриевски:** Ве молам, ве молам, ве молам тишина без дофрлување од редовите. Деловничко право е да може да побара.

Дали е тука господин Догани, дали е искористено тоа деловничко право од страна на СДСМ.

Објавувам еден час пауза.

(По паузата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата, прекинот од еден час заврши.

Продолжуваме со работа со седницата бидејќи прекинот од еден час измина.

**Минуваме на точка 1 - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е доставен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседавачот на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања господин Владимир Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, Извештајот ви е поделен. Познато ви е дека еден од нашите пратеници почина и поради тоа Комисијата на предлог на Државната изборна комисија констатираше дека имаме престанок на мандат и дека согласно законските услови ги имаме сите предуслови наредниот на листата господинот Драган Настески од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и за Подобра Македонија и другите партии да му биде верификувам мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија.

Доколку имате други прашања повелете, но како Комисија едногласно го предлагаме тоа на пленарната седница. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам и јас господине Ѓорчев.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Драган Настески.

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата, а службите да доставаат точен број за присутност на пратениците.

(Во салата нема кворум)

Повелете господине Зашов, претпоставувам баравте процедурална интервенција.

(Реакција со зборовите: “Нема право, на сред гласање сме”).

Сега ги молам службите да доставаат точен број зошто влегоа многу пратеници после броењето.

(Во салата нема кворум)

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието а не се во салата да повелат да влезат во салата зошто треба да гласаме.

Молам службите да доставаат точен број на присутни пратеници.

Ги молам службите да доставаат точен број на пратеници.

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Ги молам службите една минута да исчекаат.

Ги молам пратениците да побрзаат да влезат во салата за да можеме да го установиме точниот број за присутни пратеници кој е потребен за гласање.

Почекајте, службите не се сите уште дојдени, не брзајте, јас ќе ви кажам, бидете спремни.

Ги молам уште еднаш пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат во салата за да можеме да знаеме колку не има.

Ве молам побрзајте.

Нема што да се затвори вратата, нека повелат сега службите да ги пребројат пратениците.

Молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници.

Бидејќи во салата се наоѓаат 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Уште еднаш ве повикувам да гласаме.

Ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратеникот Драган Настески.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, сите 59 гласале за.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Драган Настески.

(Аплауз)

**Минуваме на точка 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен универзитет во Тетово.**

Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија и дописите на Комисијата за образование, наука и спорт и Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Азис Положани, Сафет Незири, Ајше Селмани, Тахир Хани ...

Процедурално има некој?

Повелете госпоѓо Силвана Бонева има процедурално.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ брам половина час пауза заради консултации. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Во тој случај давајќи ја оваа пауза со оглед на времето ја прекинувам денешната седница, а за утре закажувам во 11,00 часот седница број 114.

(Седницата прекина со работа во 17,38 часот)